З А П И С Н И К

од седницата на Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје

одржана на ден 23.03.2023 година со почеток во 12:00 часот

На седницата присутни беа членовите на Управниот одборна РЕПЛЕК АД Скопје, Душан Пецовски, Коста Котески, Билјана Несторовска Ѓошевска и Панче Гелевски.

Со седницата претседаваше Претседателот на Управниот одбор Душан Пецовски, кој го предложи следниот:

Дневен ред

Донесување на одлука за свикување на Годишно собрание на РЕПЛЕК АД Скопје и утврдување на Дневниот ред за собранието.

По усвојување на дневниот ред се премина на негово разгледување.

Прва точка

По оваа точка членовите на Управниот одбор согласно своите овластувања, а врз основа на член 384 од Законот за трговските друштва и член 51 од Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, го утврдија датумот, часот местото и дневниот ред за одржување на Годишното собрание.

При тоа едногласно ја донесоа следната:

О Д Л У К А

1. Се свикува Годишно собрание на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, кое ќе се одржи на ден 26.04.2023 година (среда) со почеток во 10:00 часот во деловните простории на Друштвото (на IV кат во голема сала) на ул. Козле бр. 188 Скопје;
2. Се утврдува предлогот за дневен ред за Годишното собрание на Друштвото, наведен во текстот на Јавниот повик кој е составен дел на овој Записник;
3. Јавниот повик да се објави на ден 24.03.2023 година на половина страница во дневниот весник Нова Македонија.

По донесувањето на одлуката членовите на Управниот одбор го утврдија и текстот на Јавниот повик за свикување на годишно собрание на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје и истиот гласи:

Врз основа на член 53 од Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, а согласно Одлуката на Управниот одбор за свикување на Годишно собрание на Друштвото бр. 02-1855/2 од 23.03.2023 година, Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје, објавува:

ЈАВЕН ПОВИК

до акционерите на Друштвото за учество на Годишно собрание

1. ДАТУМ, ЧАС И МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ

Седницата на Собранието ќе се одржи на ден 26.04.2023 година (среда) со почеток во 10:00 часот во деловните простории на Друштвото (на IV кат во голема сала) на ул. "Козле" бр. 188 Скопје.

2. ДНЕВЕН РЕД

За седницата се предлага следниот:

Дневен ред

Процедурален дел:

1. Отварање на Собранието
2. Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери
3. Избор на Претседавач на Собранието
4. Усвојување на Дневниот ред

Работен дел:

1. Разгледување и усвојување на годишниот извештај за работењето на Друштвото за период јануари - декември 2022 година

- Предлог-одлука за одобрување и усвојување на Годишниот извештај за работата на РЕПЛЕК АД Скопје за 2022 година;

2. Разгледување на финансискиот извештај и годишната сметка на Друштвото за 2022 година и усвојување на годишната сметка и финансискиот извештај

- Предлог-одлука за усвојување на годишната сметка и финансискиот извештај на РЕПЛЕК АД Скопје за 2022 година;

3. Разгледување и усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Друштвото

- Предлог-одлука за усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за 2022 година за Групацијата РЕПЛЕК АД;

4. Одобрување на работата на членовите на Управниот одбор - одделно за секој член на органот**;**

- Предлог-одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор - одделно за секој член на органот;

5. Донесување на одлука за распределба на добивката по годишната сметка на Друштвото за 2022 година

- Предлог-одлука за распределба на добивка по годишната сметка на РЕПЛЕК АД Скопје за 2022 година;

6. Донесување на одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2022 година (дивиденден календар)

- Предлог-одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2022 година (дивиденден календар);

7. Разгледување на извештајот за извршената ревизија од овластениот ревизор и усвојување на истиот

- Предлог-одлука за усвојување на извештаите од овластениот ревизор;

8. Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Друштвото за 2022 година, усвојување на извештајот и одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор - одделно за секој член на органот

- Предлог-одлука за одобрување и усвојување на Годишниот извештај за работата на Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје за 2022 година
- Предлог-одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор - одделно за секој член на органот;

9. Именување на овластен ревизор на годишна сметка во Друштвото за 2023 година;

- Предлог-одлука за назначување овластен ревизор за 2023 година;

10. Донесување на одлука за определување на месечен паушал на членовите на Надзорниот одбор

- Предлог-одлука за определување на месечен паушал на членовите на Надзорниот одбор;

11. Донесување на одлука за измена на Статутот на Друштвото

- Предлог-одлука за измена на Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје;

12. Донесување на одлука за стекнување на сопствени акции со откуп

- Предлог-одлука за стекнување на сопствени акции со откуп;

13. Донесување на одлука за отуѓување на сопствени акции;

- Предлог-одлука за отуѓување на сопствени акции;

14. Донесување на одлука за усвојување на дивидендна политика

- Предлог-одлука за усвојување на дивидендна политика;

Согласно член 383 став 3 од ЗТД записникот ќе го води Нотар.

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот и Законот за трговските друштва.

3. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на седницата на Собранието има секој акционер на Друштвото, лично или преку овластен полномошник кој ќе го застапува со давање на полномошно во писмена форма, а согласно одредбите од Законот за трговски друштва.

4. ПРИЈАВА НА УЧЕСТВО

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на Друштвото, должен е да го пријави своето учество на Собранието најдоцна пред почетокот на седницата.

Пријавите за учеството на Собранието се доставуваат до Друштвото на адреса:

Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје,

ул. Козле бр. 188 Скопје

со назнака: Пријава за учество на собрание

Образецот на пријавата е достапен за превземање од интернет страницата на Друштвото.

5. ПОЛНОМОШНИК

Секој акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седницата на собранието на друштвото што ќе учествува и гласа на седницата на собранието во негово име. Акционерот треба веднаш писмено да го извести Друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Со писменото известување се доставува и предметното полномошно.Акционер кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета како да не го дал полномошното.Писменото известување се доставува до архивската служба на Друштвото. Образците на полномошното и известувањето за даденото полномошно се достапени за превземање од интернет страницата на Друштвото.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за превземање на акционерски друштва, полномошникот задолжително ја известува Комисијата за хартии од вредност за намерата и причините за давање на полномошната од повеќе акционери, во рок од пет работни дена пред одржувањето на Собранието на акционери.

6. ВКЛУЧУВАЊЕ НА ТОЧКИ ВО ДНЕВНИОТ РЕД И ПРЕДЛАГАЊЕ НА ОДЛУКИ

Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување на нови точки, доставено во писмена форма до Управниот одбор на друштвото, со приложено образложение за предложената точка, како и да предложат усвојување на одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на собранието на друштвото.

Акционерите барањето за вклучување на точки во дневниот ред и/или предлагањето на одлуки можат да ги достават преку архивската служба на Друштвото во рок од 8 дена од денот на објавувањето на јавниот повик за одржување на седницата на Собранието.

7. ПОСТАВУВАЊЕ НА ПРАШАЊА

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред.

Одговорите на поставените прашања Друштвото ќе ги објави на својата интернет страница согласно одредбите од Законот за трговски друштва.

8. МАТЕРИЈАЛИ

Материјалите кои ќе се разгледуваат на седницата на собранието се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во деловните простории на Друштвото на ул. Козле бр.188 Скопје, од 13:00 до14:00 часот и истите се објавени на официјалната интернет страница на Друштвото.

9. ИНТЕРНЕТ СТРАНА НА ДРУШТВОТО

Официјална интернет страница на Друштвото е: www.replek.mk

РЕПЛЕК АД СКОПЈЕ

УПРАВЕН ОДБОР

Седницата на Управниот одбор заврши во 13:30 часот.

УПРАВЕН ОДБОР

Претседател

Душан Пецовски

_____

ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

1. Коста Котески _____
2. Билјана Несторовска Ѓошевска _____
3. Панче Гелевски _____

Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје, решавајки за свикување на Годишно собрание на Друштвото, врз основа на член 51 и 53 од Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, на седницата одржана на ден 24.03.2023 година, едногласно ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. Се свикува Годишно собрание на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, кое ќе се одржи на ден 26.04.2023 година (среда) со почеток во 10:00 часот во деловните простории на Друштвото (на IV кат во голема сала) на ул. Козле бр. 188 Скопје;

2. Се утврдува следниот предлог дневен ред за Годишното собрание на Друштвото

Дневен ред

Процедурален дел:

1. Отварање на Собранието;
2. Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери;
3. Избор на Претседавач на Собранието;
4. Усвојување на Дневниот ред.

Работен дел:

1. Разгледување и усвојување на годишниот извештај за работењето на Друштвото за период јануари - декември 2022 година

- Предлог-одлука за одобрување и усвојување на Годишниот извештај за работата на РЕПЛЕК АД Скопје за 2022 година;

2. Разгледување на финансискиот извештај и годишната сметка на Друштвото за 2022 година и усвојување на годишната сметка и финансискиот извештај

- Предлог-одлука за усвојување на годишната сметка и финансискиот извештај на РЕПЛЕК АД Скопје за 2022 година;

3. Разгледување и усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Друштвото

- Предлог-одлука за усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за 2022 година за Групацијата РЕПЛЕК АД;

4. Одобрување на работата на членовите на Управниот одбор - одделно за секој член на органот**;**

- Предлог-одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор - одделно за

секој член на органот;

5. Донесување на одлука за распределба на добивката по годишната сметка на Друштвото за 2022 година

- Предлог-одлука за распределба на добивка по годишната сметка на РЕПЛЕК АД Скопје за 2022 година;

6. Донесување на одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2022 година (дивиденден календар)

- Предлог-одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2022 година (дивиденден календар);

7. Разгледување на извештајот за извршената ревизија од овластениот ревизор и усвојување на истиот

- Предлог-одлука за усвојување на извештаите од овластениот ревизор;

8. Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Друштвото за 2022 година, усвојување на извештајот и одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор - одделно за секој член на органот

- Предлог-одлука за одобрување и усвојување на Годишниот извештај за работата на Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје за 2022 година
- Предлог-одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор - одделно за секој член на органот;

9. Именување на овластен ревизор на годишна сметка во Друштвото за 2023 година;

- Предлог-одлука за назначување овластен ревизор за 2023 година;

10. Донесување на одлука за определување на месечен паушал на членовите на Надзорниот одбор

- Предлог-одлука за определување на месечен паушал на членовите на Надзорниот одбор;

11. Донесување на одлука за измена на Статутот на Друштвото

- Предлог-одлука за измена на Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје;

12. Донесување на одлука за стекнување на сопствени акции со откуп

- Предлог-одлука за стекнување на сопствени акции со откуп;

13. Донесување на одлука за отуѓување на сопствени акции;

- Предлог-одлука за отуѓување на сопствени акции;

14. Донесување на одлука за усвојување на дивидендна политика

- Предлог-одлука за усвојување на дивидендна политика;

Јавниот повик да се објави на ден 24.03.2023 година на половина страница во дневниот весник Нова Македонија.

УПРАВЕН ОДБОР

Претседател

Душан Пецовски

_____

ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

1. Коста Котески _____
2. Билјана Несторовска Ѓошевска _____
3. Панче Гелевски _____